*Овој документ е наменет само за потребите на Универзитетот Американ Колеџ Скопје и целиот документ или кој било негов дел не смее да се умножува или пренесува во каква било форма или на друг начин, електронски или механички, вклучително фотокопирање, снимање, чување во систем за пребарување на информации или поинаку, без претходно одобрение од Универзитетот Американ Колеџ Скопје.*

# *Етички кодекс за академскиот кадар, администрација и студентите на Универзитетот Американ Колеџ Скопје - Скопје*

Универзитетот Американ Колеџ Скопје признава дека членството во академската професија носи со себе специјални и големи одговорности. Затоа, тој го усвојува овој Етички кодекс и се обврзува да се придржува до него со крајна доследност и посветеност

Врз основа на Член 105 од Статутот на Универзитетот Американ Колеџ Скопје – Скопје и Член 60 од Законот за високо образование („Службен весник на РМ" бр.35/2008) на 17 септември 2010 година Управниот одбор го донесе следниот

***Етички кодекс за академскиот кадар, администрација и студентите на Универзитетот Американ Колеџ Скопје - Скопје***

Самата мисија на Универзитетот Американ Колеџ Скопје – Скопје е тесно поврзана со промоција на сé поголем број на етички одговорни менаџери, професионалци и лидери на иднината, преку придржување до највисоките стандарди на академски интегритет, висока свест за индивидуална одговорност, во услови на почитување и доверба во рамките на нашето универзитетско семејство.

Посветени на тоа да ја поддржуваат неговата мисија, да го штитат неговиот углед и да ги почитуваат највисоките стандарди на однесување, интегритет и правичност, академскиот кадар, администрацијата и студентите на Универзитет Американ Колеџ Скопје – Скопје (во понатамошниот текст: УАКС или Универзитетот), со ова, се обврзуваат дека ги прифаќаат и почитуваат следните принципи:

## I. Академски кадар, администрација и студенти (членови на УАКС семејството)

### 1. ПРИНЦИП НА ЗАКОНИТОСТ ПРИ РАБОТЕЊЕТО

- Секој член на УАКС семејството е должен да работи, учи и постапува во согласност со релевантните закони и прописи, општите и поединечни акти на Универзитетот, Изјавата за мисијата на Универзитетот, овој Етички кодекс и другите акти, политики и процедури кои ќе ги донесе Универзитетот.

### 2. ПРИНЦИП НА ИНТЕГРИТЕТ

- Секој член на УАКС семејството е должен да постапува чесно и во најдобар интерес на другите членови на УАКС семејството и општата јавност.

### 3. ПРИНЦИП НА ПРОФЕСИОНАЛНО ОДНЕСУВАЊЕ

- Секој член на УАКС семејството е должен да ги извршува своите должности при работењето / студирањето темелно, на време и најдобро што може;
- Секој член на УАКС семејството треба да постапува кон другите во духот на толеранција, дигнитет и взаемна почит.
- Секој член на УАКС семејството треба да се воздржува од било каква активност која може да го дискредитира универзитетот и да му наштети на неговиот углед.
- Дискусиите или другите состаноци со студенти од спротивниот пол треба да се одржуваат во присуство на минимум 3 (три) лица, или на јавно место, или со отворена врата. Забрането е одржување или продолжување на еден испит на кој што се присутни само еден студент и еден член на академскиот кадар или на администрацијата.

## 4. ПРИНЦИП НА ПОЧИТУВАЊЕ НА ДРУГИТЕ ЧЛЕНОВИ НА УАКС СЕМЕЈСТВОТО

**Спречување на вознемирување**

- Вознемирување на БИЛО КОЈА основа го попречува почитувањето на правата и дигнитетот на другите. Тоа вклучува однесување кое што има за цел или ефект неразумно мешање во работниот учинок на поединецот со создавање на работна атмосфера во која владее заплашување, непријателство, омаловажување или сексуално навредување;
- Политика на Универзитетот е да се забрани, обесхрабри и казни секаква форма на несоодветно однесување или вознемирување, вклучително, но не ограничено, на сексуално вознемирување или сексуално навредливо однесување, вознемирување засновано врз расно, етничко или национално потекло, јазик, религија, пол или попреченост;

**Спречување на дискриминација**

- Дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, пол, сексуална ориентација, религија, верување, национално потекло, возраст, потекло, статус на ветеран, попреченост која не е поврзана со барањата на работното место или генетски информации може да изолираат, омаловажат и замолчат еден поединец, како и да ја ограничат неговата / нејзината способност како член на УАКС семејството да го дадат својот придонес;
- Секој член на УАКС семејството треба да биде внимателен во својот однос кон другите, да препознава дискриминаторно однесување и да го пријави кога ќе го забележи;
- Секој член на УАКС семејството треба да избегнува да користи јазик, хумор или материјали кои создаваат навредлива средина врз било која од наведените основи;

**Почитување**

- Во секојдневните интеракции, секој член на УАКС семејството треба да им дозволи на другите членови на УАКС семејството слободно да се изразуваат. Тој / таа треба да СЛУШААТ, да бидат кооперативни, љубезни и трпеливи. Тој / таа треба да се обраќаат на другите членови на УАКС семејството со ГОЛЕМА ПОЧИТ, т.е. никогаш да не се однесуваат кон нив супериорно, без почит и / или рамнодушно.
- Секој член на УАКС семејството треба да ги решава разликите во мислења и недоразбирањата кои што може да се појават во комуникацијата со другите, со добра волја, правично и трпеливо.
- На секој член на УАКС семејството му стојат на располагање формални процедури, во случај на потреба од разрешување на проблеми поврзани со било што од погоре наведеното.

## II. Академски кадар и администрација

## 5. ПРИНЦИП НА ОБЈЕКТИВНОСТ

Ниеден член на академскиот кадар или на администрацијата не смее да биде воден од предрасуди, пристрасност, како и од други влијанија кои може да ја загрозат неговата / нејзината објективност.

## 6. ПРИНЦИП НА ЕФИКАСНОСТ

- Секој член на академскиот кадар или на администрацијата треба да го организира своето секојдневно работење на начин кој што ќе обезбеди точно, брзо и ефикасно извршување на работните задачи;

- Секој член на академскиот кадар или на администрацијата треба СЕКОГАШ да одговара на пораките кои што ги добива од неговите / нејзините колеги, претпоставени или од студентите (преку електронска пошта или по телефон или на друг начин) и во најкратко можно време.

## 7. ПРИНЦИП НА ДОВЕРЛИВОСТ

Секој член на академскиот кадар или на администрацијата е должен да ја почитува доверливоста на информациите кои што ќе ги добијат во текот на извршувањето на неговите / нејзините работни должности и е должен да не ги користи тие информации за цели поинакви од оние за кои што истите се добиени;

Секој член на академскиот кадар или на администрацијата треба да спречи било какво случајно обелоденување на доверливите информации, така што ќе ракува со тие информации на организиран начин и со должна грижа. Тој / таа не смеат да ги оставаат податоците, документите, пликоата или други печатени материјали на места кои се лесно пристапни за неовластени лица. Кога се фрлаат документи поврзани со работењето на Универзитетот или на неговите студенти, документите треба да бидат поништени / уништени.

Информациите кои што се сметаат за доверливи ги вклучуваат, НО не се ограничени на:

- одлуки, политики, процедури, упатства, инструкции, циркуларни писма, друго
- акти и други документи кои содржат информации поврзани со начинот на кој што се врши бизнисот или акти и други документи потпишани заради вршење на бизнисот или поврзани активности
- студиски програми
- развој на предметите
- сопствени технолошки информации
- сите сопствени информации во врска со производството и / или процесите на настава за сите начини на предавања (образование од далечина и резиденцијални кампуси)
- сопствени информации во врска со истражувањето и развојот и продажбите и маркетингот
- планови за маркетинг и унапредување на продажбите
- анализа на пазарот
- сопствени информации во врска со студентите, списоците за контакт со студентите и тактиките на регрутирање
- сопствени финансиски информации, вклучително интерни финансиски документи, буџети, прогнози, компјутерски записи, маржи на производи, трошоци за производи и извештаи за работењето
- сопствени административни информации, вклучително внатрешната организација
- стратешки бизнис планови и проекции
- интерен компјутерски софтвер
- трговски тајни
- лозинки

## 8. ПРИНЦИП НА СООДВЕТНО КОРИСТЕЊЕ НА МАТЕРИЈАЛИ ЗА РАЗВОЈОТ НА НАСТАВАТА КОИ ШТО СЕ ЗАШТИТЕНИ СО АВТОРСКО ПРАВО

Секој член на академскиот кадар или на администрацијата потврдува дека материјалите за развојот на наставата како и внатрешните политики, процедури и други интерни акти се заштитена сопственост на Универзитет Американ Колеџ Скопје и треба да се користат само за предметите, програмите и активностите во

Универзитетот. Оваа обврска треба да важи и по раскинувањето на договорот за вработување или било каков друг вид на соработка со УАКС.

## 9. ПРИНЦИП НА ИЗБЕГНУВАЊЕ НА КОНФЛИКТИ НА ИНТЕРЕС

- Секој член на академскиот кадар или на администрацијата треба да му ги пријави на директниот претпоставен, сите односи и прашања кои може да доведат до конфликт на интереси при извршувањето на неговите / нејзините работни задачи. Во случаи кога постојат вакви конфликти, членот е должен да се повлече од процесот на донесување одлуки или од релевантната активност.
- Секој член на академскиот кадар треба да му пријави на директниот претпоставен ако некој студент кој што го изучува неговиот / нејзиниот предмет или поднесува труд кој што треба да се оцени, е негов / нејзин близок роднина или близок пријател, со цел да се преземе соодветна акција.
- Секој член на академскиот кадар или на администрацијата не смее да учествува во активности каде што тој / таа очекуваат, спротивно на интересите на Универзитетот, лична директна или индиректна, материјална или друга корист.
- Освен директна корист, терминот „материјална и друга корист", исто така, имплицира стекнување материјална или друга корист за:
    - брачниот другар на членот
    - децата на членот
    - други блиски роднини
    - други поврзани правни или физички лица, преку кои членот стекнал материјална или друга корист индиректно.

## 10. ПРИНЦИП НА ЗАБРАНА НА ПРИМАЊЕ ПОДАРОЦИ

- Ниеден член на академскиот кадар или на администрацијата не смее, директно или индиректно, да бара или да прима, ниту да се обиде да бара или прима подароци, услуги или други вредни нешта од трето лице, со цел тоа лице да добие привилегиран третман во било кој поглед, за него / неа или за други.
- Како подарок на брачниот другар или на децата на членот или на друго лице, преку кои членот индиректно го примил подарокот, ќе се смета како подарок даден на членот, ако подарокот е на било каков начин поврзан со извршувањето на неговите / нејзините работни должности.
- Купени стоки ќе се сметаат како подароци ако куповната цена е значително пониска отколку пазарната цена;
- Секој член на академскиот кадар или на администрацијата треба да одбие КАКОВ БИЛО ПОНУДЕН подарок, освен во случаи кога подарокот е:
    - даден јавно, и
    - има симболична вредност

во кој случај, подарокот се смета како сопственост на УАКС и треба да се чува во просториите и да се користи за целите на УАКС и УАКС семејството.

## 11. ПРИНИЦП НА УНИФИЦИРАНО ЈАВНО ПОЈАВУВАЊЕ

Членовите на администрацијата и на академскиот кадар може да се ангажираат во професионални активности, активности на интересни групи и добротворни активности, под услов ако учеството не покренува конфликт на интерес или му пречи на извршувањето на должностите на членот на администрацијата или на академскиот кадар. Во согласност со Уставот и основните демократски права, членовите на администрацијата и на академскиот кадар смеат да се ангажираат во политички активности; сепак, тие не се поттикнати, ниту поддржани од страна на Универзитетот.

Кога еден член на академскиот кадар или на администрацијата коментира јавно, во врска со трговска или било кој друг вид на унија, асоцијација, политичка партија или интересна група, треба јасно да даде на знаење дека таквиот коментар е даден во името на унијата, асоцијацијата, политичката партија или интересната група кои тој / таа ги претставува, а НЕ во својство на член на Универзитетот.

При давањето коментари во својство на приватно лице (преку било која форма на масовни медиуми, вклучително, но не ограничено, на електронска пошта, интернет, ТВ, радио, книги, весници, списанија, други публикации, итн.), треба да се вложат сите напори публиката да сфати дека изразените мислења се приватни и дека НЕ претставуваат ОФИЦИЈАЛНО гледиште на Универзитетот.

Со цел да го претставува Универзитетот, јавно да ја коментира работата на Универзитетот или да обелоденува информации во врска со работењето и организацијата на Универзитетот (преку преку било која форма на масовни медиуми, вклучително, но не ограничено, на ТВ, радио, книги, весници, списанија, други публикации,електронска пошта, интернет итн.), членот на академскиот кадар или на администрацијата треба:

1) да добие ПРЕТХОДНО одобрение од Генералниот секретар
   И
2) да претставува, коментира или обелоденува информации во стриктна согласност со Статутот, Изјавата за мисијата и официјалната политика / политики на Универзитетот.

Учеството на ЈАВНИ НАСТАНИ за политички цели, за забава или за други цели, јавни говори или јавни активности во кои што е вклучен член на академскиот кадар или на администрацијата, исклучително како приватно лице, дури и со незначителна можност истото да се поврзе со Универзитетот, треба да се направи само по ПРЕТХОДНО одобрение од страна на Генералниот секретар.

## 12. ПРИНЦИП НА ЛОЈАЛНА КОНКУРЕНЦИЈА

Членовите на академскиот кадар или на администрацијата никогаш не треба да соопштуваат неточни информации во поглед на работењето, карактеристиките на сопственикот / сопствениците, на менаџментот или на други претставници, како и за услугите кои што ги нудат другите универзитети или институции за високо образование со цел да се намали или да се наруши нивниот углед.

## III. Академски кадар

Членовите на академскиот кадар, водени од длабоката увереност за вредноста и дигнитетот на унапредување на знаењето, во исто време прифаќајќи ги посебните одговорности кои што им се доделени, треба:

1. Да настојуваат, пред сé, да бидат ефективни наставници и научници, на тој начин посветувајќи ја нивната енергија на развивање и постојано подобрување на нивната научна компетентност;
2. Да применуваат критичка самодисциплина и проценка при користењето, проширувањето и пренесувањето на знаењето;
3. Да се посветат на постојан професионален развој, со цел непрекинато да го зголемуваат и прошируваат нивното стручно знаење, нивната ефективност, како и нивните академски и комуникациски вештини, преку посетување и активно учествување во разни програми и активности;
4. Активно да се ангажираат во академски и професионални истражувачки иницијативи и активности, авторства или ко-авторства на текстови, анализи, статистички и други видови на проучувања, извештаи и проекти, и други активности кои што придонесуваат кон развојот на нивната професија и област на проучување, образованието, заедницата итн.;

5. Внимателно да придонесуваат при разгледувањето и развивањето на наставниот план и програма;
6. Да посетуваат сесии за обука на академски кадар, состаноци на академскиот кадар, состаноци на комисии, свечени церемонии и други настани. Тука спаѓаат:
   - Можности за развој на академскиот кадар, како што се работилници и состаноци од соодветната област, кои им помагаат на членовите на академскиот кадар да ги подобрат нивните вештини на предавање и презентација, да споделуваат идеи и најдобри пракси со колегите и да бидат во тек во нивните области на нивната стручност.
   - Генерални состаноци на академскиот кадар, на кои што членовите на академскиот кадар учествуваат во обука, добиваат најнови информации за политиките и процедурите на Универзитетот и учествуваат во активности со нивните колеги кои што им помагаат да го подобрат квалитетот на предавањата и да го унапредат учењето.
   - Одржување на свечени церемонии на кои што се признаваат и поддржуваат академското постигнување и успех на студентите.
   - Предавања на гости предавачи, говори, конференции и други настани кои што се организирани од страна на Универзитетот.
7. Да ги одредат количината и карактерот на работата која што ја вршат надвор од Универзитетот, а притоа да ги имаат предвид нивните главни одговорности во рамките на Универзитетот. Тие треба да ја оценат итноста на овие обврски во однос на нивните одговорности кон предметот кој што тие го предаваат, студентите, професијата и кон Универзитетот.

Со цел да го поттикнат стремежот за учење кај нивните студенти, членовите на академскиот кадар треба:

1. Да покажуваат почит кон секој студент како поединец, и да се придржуваат до нивната улога како интелектуален водач и советник;
2. Да им стојат на располагање на студентите за помош и совети во разумно / соодветно време; Да одговараат, со разумна ажурност, на СИТЕ студентски прашања и отворени проблеми;
3. Да имаат подеднаков пристап кон секој студент;
4. Да вложат секаков можен напор да го негуваат чесното академско однесување и да обезбедат дека нивната евалуација на студентите ја одразува вистинската вредност на студентите;
5. Да ја почитуваат доверливата природа на односот помеѓу професорот и студентот;
6. Да избегнуваат било каква експлоатација на студентите за нивна лична корист и да ја признаваат нивната значителна помош.

Како колеги, имајќи обврски кои произлегуваат од заедничкото членство во научната заедница, членовите на академскиот кадар треба:

1. Да ги менторираат новите членови на академскиот кадар, т.е. отворено да го споделуваат нивното знаење, искуство и очекувањата и образовните стандарди на УАКС со новите членови на академскиот кадар;
2. Да го почитуваат и бранат слободното поставување на прашања од страна на нивните соработници / колеги;
3. Да покажуваат должна почит кон мислењата на другите, при размената на критики и идеи;
4. Да ги признаваат академските обврски и да настојуваат да бидат објективни во нивните професионални проценки на колегите;
5. Да го прифаќаат нивниот удел во одговорностите на академскиот кадар при управувањето на Универзитетот.

## IV. Студенти

Бидејќи студентите се движечката сила на Универзитетот, тие треба да бидат пример на одговорно однесување во сите активности на учење и други активности, кои ќе помогнат универзитетската средина да биде безбедно, сигурно и инклузивно место за учење за сите нив.

Работата на студентите треба да ги претставува нивните напори и да ги одразува резултатите од нивното учење. Студентите треба да ги развиваат нивните способности за пишување, читање и критичко размислување.

Студентите треба да се воздржуваат од дејства кои содржат *плагијат, мамење, лажење* и *измама*, во било која форма, особено, тие никогаш не смеат:

- Да заменат друг студент на испит,
- Да заменат друг студент на предмет,
- Да набават труд или друга предметна задача од студент, по интернет или од друг извор и да ги поднесат како нивни сопствен труд,
- Да организираат да даваат или добиваат одговори со употреба на сигнали или други форми на пренос на податоци за време на испит,
- Да препишуваат, со или без знаење на другото лице, за време на испит,
- Да изготвуваат труд или друга предметна задача за некој друг,
- Да крадат труд или други предметни задачи и да ги поднесуваат како нивни сопствен труд,
- Да додаваат точки во библиографијата,
- Да набавуваат копие од тест пред закажаниот испит,
- Да користат недозволени белешки за време на испит,
- Да ги менуваат одговорите на оценет тест и да го поднесуваат за повторно оценување,
- Да измислуваат податоци,
- Да уништат или да украдат труд на друг студент,
- Да користат телефони / блекбери / компјутери (освен ако е дозволено) или други електронски уреди за време на испит
- Други слични постапки кои се поврзани со плагијат, мамење, лажење, измама.

Студентите не треба никогаш, директно или индиректно, да им помагаат на другите студенти или групи во извршување на нечесни дејства.

Студентите никогаш не треба намерно да му даваат на Универзитетот лажни информации.

Студентите треба да се однесуваат кон имотот на Универзитетот како да е нивен, т.е. тие треба да се воздржуваат на било каков начин да го оштетуваат или уништуваат тој имот.

Студентите кои не се придржуваат до погоре наведените стандарди, може да бидат казнети со казни кои што се соодветни на сторениот прекршок. Во соодветни казни спаѓаат, но не се ограничени на, следните: исклучување од специфицираните воннаставни активности, писмен укор, посебен режим, суспензија и / или исклучување.

Студентите се поттикнуваат да подготват и усвојат посебен Етички кодекс, во согласност со Член 150 од Законот за високо образование.

## Посебни одредби за плагијат

***Дефиниција****: „Во една наставна средина, плагијат се случува кога еден автор намерно користи туѓ јазик, идеи или друг оригинален (не општо познато знаење) материјал, без да го наведе неговиот извор“.*[1] На пример, копирање на

[1] US Council of Writing program Administrators

објавени информации во еден труд без да се наведе изворот, или поднесување на матерјиал кој што е напишан од друг студент.

Студентите кои се потполно свесни дека нивните постапки претставуваат плагијат се виновни за академска нечесност.

Студент кој што се обидува да го идентификува и користи неговиот / нејзиниот извор, но кој што пропушта да користи специфичен формат на цитирање или неточно ги користи наводниците или други форми на идентификување на материјал кој што е преземен од други извори, не направил плагијат. Наместо тоа, тој студент не успеал правилно да ги цитира и документира изворите.

Универзитетот очекува од неговите студенти да вршат етичко истражување, и на тој начин да се воздржуваат од било какви дејства кои што претставуваат плагијат. За оваа цел, Универзитетот ќе ги испитува и соодветно ќе ги казнува сите евентуални случаи на академска нечесност. Во соодветни казни спаѓаат, но не се ограничени на, следните: исклучување од специфицираните воннаставни активности, писмен укор, посебен режим, суспензија и / или исклучување.

Во борбата против плагијатот, сите ние ги споделуваме одговорностите, кои, минимално, се следните:

Студентите треба да ги сфатат истражувачките задачи како можности за вистинско и ригорозно истражување и учење. Ваквото сфаќање вклучува:

- Составување и анализирање на група на извори кои самите тие ги определиле како релевантни за прашањата кои што ги истражуваат;
- Јасно потврдување кога и како тие се потпираат врз туѓи идеи или фрази,
- Учење на вообичаените начини на цитирање на документи и на наведување на изворите кои се соодветни на полето кое што тие го проучуваат;
- консултирање со академскиот кадар кога не се сигурни како да ги наведат придонесите на другите кон нивната мисла и пишување.

Токму онака како што студентите мора да ја исполнуваат нивната одговорност за етичко и чесно однесување, членовите на академскиот кадар мора да признаат дека тие може да го охрабрат или да го обесхрабрат плагијатот, не само со прописи и предупредувања, туку, исто така, преку начинот на кој што тие ги структурираат задачите и преку процесите кои што ги користат за да им помогнат на студентите да ги дефинираат и да се заинтересираат за темите кои што се развиени за трудови и проекти. За таа цел, членовите на академскиот кадар треба да дизајнират контексти и задачи за учење кои ги поттикнуваат студентите не само повторно да ги користат информациите, туку да ги истражуваат и анализираат нивните извори. Тука спаѓа:

- Градење поддршка за истражувачко пишување (како што е анализата на модели, индивидуални / групни конференции или ревизија од колеги) во дизајните на предметите,
- Писмено дефинирање на нивните политики и очекувања во врска со документирање на изворите и избегнување плагијати,
- Одржување на класни дискусии во врска со плагијати,
- Запознавање на студентите со вообичаените начини на цитирање на документи и наведување на извори во нивната област, и овозможување на студентите да ги вежбаат овие вештини,
- Избегнување да се користат веќе употребени или формулирани задачи кои може да доведат до вообичаени одговори или плагијати,
- Ангажирање на студентите во процесот на пишување, кој што произведува материјали како што се белешки, скици и ревизии кои тешко може да се имитираат,
- Дискутирање за проблемите на кои што студентите може да наидат при документирањето и анализирањето на изворите, и нудење на стратегии за избегнување или за решавање на тие проблеми,

- Дискутирање за трудови за кои се смета дека се плагијат со студентите кои ги поднеле, за да се одреди дали трудовите се резултат на намерен обид за измама,
- Пријавување на евентуални случаи на плагијат кај соодветните администратори или контролни тела.

Администрацијата треба да негува клима која што ја вреднува академската чесност. Тука спаѓа:

- Обезбедување помошни услуги (на пример, центри за пишување или веб сајтови) за студенти кои имаат прашања во врска со тоа како се цитираат изворите;
- Поддржување на дискусиите на академскиот кадар и студентите за прашања во врска со академската чесност, истражувачката етика и плагијатите,
- Согледување и подобрување на работните услови, како што се високи соодноси наставник – студент, кои ги намалуваат можностите за поиндивидуализирана настава, а ја зголемуваат потребата за пребрзо и механичко подготвување на трудовите и извршување на задачите.

## Примена на КОДЕКСОТ

Универзитетскиот сенат ќе формира ЕТИЧКА Комисија, надлежна за примената на овој Кодекс и неговото непочитување. Таа треба биде составена од 7 (седум) членови, од редовите на студентите (додипломски и дипломски), академскиот кадар и администрацијата. Наставниците по етика треба да бидат, по должност, членови на оваа Комисија.

Секоја поплака од било кој член на УАКС семејството треба да биде сослушана од страна на најмалку 3 (три) членови на Комисијата. Одлуката ќе биде предложена од страна на групата од 3 (три) членови и прифатена со мнозинство од членовите на Комисијата.

Во поконтроверзни случаи, сослушувањето може да се одржи пред полниот состав на Комисијата.

Жалбите треба да ги разгледа Сенатот, во кој случај, со него ќе председава Ректорот (кој што има полно право на глас).

Санкциите за неетичко однесување, т.е. непочитување на одредбите на овој Кодекс, ќе бидат соодветни на тежината на прекршокот. За студентите, во соодветни казни спаѓаат, но не се ограничени на: исклучување од специфицираните вонnаставни активности, писмен укор, посебен режим, суспензија и / или исклучување. За членовите на академскиот кадар и на администрацијата, во соодветни казни спаѓаат, но не се ограничени на: укор, суспензија и / или отпуштање.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Овој Етички кодекс влегува во сила на денот на негово усвојување, кога ќе престане да важи Етичкиот кодекс од 14.03.2007 година.

Бр.____________
Скопје, 17.09.2010

Усвоен од:
**Управен Одбор**
**Претседател**
**Владимир Илиев**